Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## СТАРТУВАЊЕ НА ЦИРКО-КПЕТ

ЦИРКО-КПЕТ (Климатски промени и енергиски технологии) го означи почетокот на своите активности работно преку организирање посета на јапонски ЦДМ експерт.

Имено, во организација на ЦИРКО-КПЕТ, а по иницијатива на проф. д-р Ристо Цицонков и асс. м-р Ана Лазаревска, на ден 9 јануари 2006 година беше остварена еднодневна работна посета на јапонски експерт, претставник на Mitsubishi UFJ Securities.

Во рамките на оваа посета беа остварени работни состаноци со претставници од релевантни министерства, државни и приватни претпријатија, со цел разгледување на можности за понатамошна билатерална и мултилатерална соработка.

## ИНФОРМАЦИЈА

УКИМ стана член на непрофитната мрежа www.Career.edu преку која научниот кадар ќе може бесплатно да објавува резимеа на истражувањата. Сите заинтересирани од МФ можат да го посетат сајтот.

## УНЕСКО КОНКУРС

Министерството за образование и наука информира за можност за аплицирање на предлог-проекти во програмата за партиципација на УНЕСКО за 2006-2007 година. Краен рок за аплицирање е 28 февруари 2006 година. Според пропозициите на УНЕСКО програмата, аплицираат државите со најмногу 12 предлог-проекти.

Според тоа, потребно е предлог-проектите да се достават во МОН најдоцна до 2 февруари 2006 година, со цел да се оформи селектирана листа од 12 предлог-проекти.

Дополнителни информации на огласна табла во Деканат на МФС.

## КОНКУРС ЗА ПРОЕКТИ

Министерството за образование и наука објави конкурс за проектна соработка преку аплицирање за билатерални проекти помеѓу научни институции од Македонија и Албанија.

Информацијата со областите во кои може да се аплицира е објавена на огласната табла во Деканатот на МФС.

Конкурсот е отворен до 31 март 2006.

## ТЕМПУС СРЕДБА

На 30 и 31.01.2006 во Брисел ќе се одржи репрезентативна средба на координаторите и контракторите на сите Темпус проекти, чија реализација стартувала во 2005, каде ќе учествуваат координаторите на двата Темпус проекти на МФС, проф. д-р М. Ќосевски и вон. проф. д-р А.Тунески.

## АКТИВНОСТИ НА ЦИРКО МЕС

Во рамки на активностите на Центарот ЦИРКО МЕС, TEKOS-Центар за развој на алати и матрици и RITC - Регионален центар за развој - Цеље од Словенија, одржан е работен состанок со USAID на кој беа анализирани и дефинирани активности за воспоста-вување на технолошки парк во РМ. Тоа ќе значи продлабочување на соработ-ката со Словенија од аспект на технолошки развој на Македонија.

## ПРИСТАП КОН е-БАЗА

Од компјутерите на факул-тетската мрежа е обезбеден пристап кон базата на Engineering Village преку: http://www.engineeringvillage2.org/ , при што е потребно секој корисник првин да се регистрира на самата веб страна.

## CATIA ОБУКА

Во период од 30 до 03.02.2006 на МФС ќе се одржи обука за CATIA од страна на доц. д-р Александар Маринковиќ од Машинскиот факултет во Белград.

## ПРОМОЦИЈА

Промоцијата на дипломирани студенти ќе се одржи на ден 10.02.2006 во 12 часот во амфитеатарот на МФС. Присуството на наставниот кадар и останатите вработени е повеќе од пожелно.

## ОТСУСТВА

1. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ, на ден 20.01.2006 реализира службено патување на Центарот за кариера - SITY Liberal Studies (University of Sheffild). во Солун, Грција.

2. Доц. д-р Валентина Гечевска, во период од 14.01 до 21.01.2006 реализира службено патување на Машинскиот факултет во Марибор, Словенија заради продолжување на билатералниот проект.

3 Проф. д-р Звонимир Костиќ, доц. д-р Валентино Стојковски и вон. проф. д-р Марјан Гаврилоски, реализираа службено патување во Шпанија во период од 15 до 22.01.2006 со цел прием на хидромеханичка опрема за браната Лисиче - Велес.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.01.2006**
**15 СЕДНИЦА НА ННС**

**10.02.2006**
**ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ**
***(амфитеатар, почеток во 12 часот)***

**23.02.2006**
**16 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, јануари, број 46**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

***ИНФОРМАТОР***

## АКТИВНОСТИ

Иако се наоѓаме во периодот на зимската пауза, бројни активности се пред нас.

Интензивно се одвива реализацијата на последните проверки на знаењата на студентите и на планираните активности во XVI, XVII и XVIII недела од првиот семестар по новите студиски програмии.

Во изминатиов период се оформи водичот за студирање во четвртиот семестар и е поставен на веб страната на факултетот.

Во тек се подготовки за промоцијата на дипломираните студенти како и за претстојниот летен семестар.